Врз основа на член 7 став 1 од Законот за рестриктивни мерки („Службен весник на Република Македонија" бр. 190/17), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 18 мај 2021 година, донесе

# ОДЛУКА

## за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката за спроведување (ЗНБП) 2020/1651 на Советот од 6 ноември 2020 година за спроведување на Одлуката 2013/255/ЗНБП за рестриктивни мерки против Сирија

### Член 1

Со оваа одлука се воведуваат рестриктивни мерки согласно Одлуката за спроведување (ЗНБП) 2020/1651 на Советот од 6 ноември 2020 година за спроведување на Одлуката 2013/255/ЗНБП за рестриктивни мерки против Сирија.

### Член 2

Оваа одлука се однесува на следните видови рестриктивни мерки:

- ембарго на оружје;
- ембарго на стоки и услуги;
- финансиски мерки;
- забрана за влез во Република Северна Македонија.

### Член 3

Се определуваат Министерството за внатрешни работи, Министерството за одбрана, Министерството за економија, Министерството за надворешни работи, Министерството за транспорт и врски и Министерството за финансии - Управата за финансиско разузнавање за надлежни органи за спроведување на рестриктивните мерки.

### Член 4

Одлуката за спроведување (ЗНБП) 2020/1651 на Советот од 6 ноември 2020 година за спроведување на Одлуката 2013/255/ЗНБП за рестриктивни мерки против Сирија во оригинал на англиски и во превод на македонски јазик е дадена во прилог и е составен дел на оваа одлука.

Член 5

Рестриктивните мерки против Сирија се воведуваат на неопределено време.

Член 6

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

**Бр. 40-5103/1**
**18 мај 2021 година**
**Скопје**

ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ
НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА
СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Љупчо Николовски

# COUNCIL IMPLEMENTING DECISION (CFSP) 2020/1651

## of 6 November 2020

## implementing Decision 2013/255/CFSP concerning restrictive measures against Syria

THE COUNCIL OF THE EUROPEAN UNION,

Having regard to the Treaty on European Union, and in particular Article 31(2) thereof,

Having regard to Council Decision 2013/255/CFSP of 31 May 2013 concerning restrictive measures against Syria [1] and in particular Article 30(1) thereof,

Having regard to the proposal from the High Representative of the Union for Foreign Affairs and Security Policy,

Whereas:

(1) On 31 May 2013, the Council adopted Decision 2013/255/CFSP.

(2) In view of the gravity of the situation in Syria, and considering the recent ministerial appointments, eight persons should be added to the list of natural and legal persons, entities or bodies subject to restrictive measures in Annex I to Decision 2013/255/CFSP.

(3) Decision 2013/255/CFSP should therefore be amended accordingly,

HAS ADOPTED THIS DECISION:

*Article 1*

Annex I to Decision 2013/255/CFSP is amended as set out in the Annex to this Decision.

*Article 2*

This Decision shall enter into force on the date of its publication in the *Official Journal of the European Union*.

Done at Brussels, 6 November 2020.

*For the Council*

*The President*

M. ROTH

[1] OJ L 147, 1.6.2013, p. 14.

## ANNEX

The following entries are added to the list set out in Section A ('Persons') of Annex I to Decision 2013/255/CFSP:

| | Name | Identifying information | Reasons | Date of listing |
|---|---|---|---|---|
| '303. | Bassam TOU'MA (a.k.a. TU'MA) (بسام طعمة) | Date of birth: 1969<br>Place of birth: Safita, Syria<br>Gender: Male | Minister of oil and mineral resources. Appointed in August 2020.<br>As a Government Minister, shares responsibility for the Syrian regime's violent repression against the civilian population. | 6.11.2020 |
| 304. | Hassan GHABACHE (a.k.a. GHOBASH, AL-GHABBASH) (حسن غباشة) | Date of birth: 1971<br>Place of birth: Damascus, Syria<br>Gender: Male | Minister of health.<br>Appointed in August 2020.<br>As a Government Minister, shares responsibility for the Syrian regime's violent repression against the civilian population. | 6.11.2020 |
| 305. | Ziyad SABBAGH (زياد صباغ) | Date of birth: 1960<br>Place of birth: Aleppo, Syria<br>Gender: Male | Minister of Industry.<br>Appointed in August 2020.<br>As a Government Minister, shares responsibility for the Syrian regime's violent repression against the civilian population. | 6.11.2020 |
| 306. | Mohammad Hassan QATANA (حسن قطانة) | Place of birth: Damascus, Syria<br>Gender: Male | Minister of Agriculture and Agrarian reform. Appointed in August 2020.<br>As a Government Minister, shares responsibility for the Syrian regime's violent repression against the civilian population. | 6.11.2020 |
| 307. | Ghassan ZAMEL (a.k.a. AL-ZAMIL, AL-ZAMEL) (غسان زامل) | Date of birth: 1963<br>Place of birth: Damascus, Syria<br>Gender: Male | Minister of Electricity.<br>Appointed in August 2020.<br>As a Government Minister, shares responsibility for the Syrian regime's violent repression against the civilian population. | 6.11.2020 |
| 308. | Mohamad (a.k.a. Mohammad) Fayez BARCHA (a.k.a. AL-BARSHA, AL-BARASHA) (محمد فايز برشة) | Date of birth: 1955<br>Place of birth: Damascus, Syria<br>Gender: Male | Minister of State. Appointed in August 2020.<br>As a Government Minister, shares responsibility for the Syrian regime's violent repression against the civilian population. | 6.11.2020 |
| 309. | Malloul (a.k.a. Maloul) HUSSEIN (a.k.a. AL-HUSSEIN) (ملول حسين) | Date of birth: 1950<br>Place of birth: Al-Hasakah Governorate, Syria;<br>Gender: Male | Minister of State. Appointed in August 2020.<br>As a Government Minister, shares responsibility for the Syrian regime's violent repression against the civilian population. | 6.11.2020 |
| 310. | Mohammad Samir HADDAD (محمد سمير حداد) | Date of birth: 1956<br>Place of birth: Tartous, Syria<br>Gender: Male | Minister of State.<br>Appointed in August 2020.<br>As a Government Minister, shares responsibility for the Syrian regime's violent repression against the civilian population. | 6.11.2020' |

# ОДЛУКА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ (ЗНБП) 2020/1651 НА СОВЕТОТ

**од 6 ноември 2020 година**

**за спроведување на Одлуката 2013/255/ЗНБП за рестриктивни мерки против Сирија**

СОВЕТОТ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА,

имајќи го предвид Договорот за Европската Унија, а особено член 31(2) од истиот,

имајќи ја предвид Одлуката 2013/255/ЗНБП на Советот од 31 мај 2013 година за рестриктивни мерки против Сирија ([1]), а особено член 30(1) од истата,

имајќи го предвид предлогот на Високиот претставник на Унијата за надворешни работи и безбедносна политика,

со оглед на тоа што:

(1) На 31 мај 2013 година,Советот ја донесе Одлуката (ЗНБП) 2013/255/ЗНБП.

(2) Имајќи ја предвид сериозноста на состојбата во Сирија и со оглед на последните именувања на министри, осум лица треба да се додадат на списокот на физички и на правни лица, субјекти и тела кои подлежат на рестриктивни мерки во Анекс I кон Одлуката 2013/255/ЗНБП.

(3) Затоа, Одлуката (ЗНБП) 2013/255/ЗНБП треба соодветно да се измени,

ЈА ДОНЕСЕ ОВАА ОДЛУКА:

*Член 1*

Анекс I кон Одлуката 2013/255/ЗНБП се изменува како што е утврдено во Анексот кон оваа одлука.

*Член 2*

Оваа одлука влегува во сила на денот на нејзиното објавување во *Службениот весник на Европската Унија.*

Брисел, 6 ноември 2020 година.

*За Советот*

*Претседател*

М. Рот

---

[1]Сл. весник L 147, 1.6.2013 година, стр. 14

*АНЕКС*

Следните внесови се додадени на списокот утврден во Оддел А („Лица“) од Анекс I кон Одлуката 2013/255/ЗНБП:

| | Име | Информации за идентификација | Причини | Датум на внесување во список |
|---|---|---|---|---|
| „303. | Bassam TOU'MA (a.k.a. TU'MA)<br>(طعمة بسام) | Датум на раѓање: 1969 година.<br>Место на раѓање: Safita, Syria<br>Пол: машки | Министер за нафта и минерални ресурси. Именуван во август 2020 година.<br>Како министер во Владата, дели одговорност за насилна репресија на режимот против цивилното население. | 6.11.2020година |
| 304. | Hassan GHABACHE (a.k.a. GHOBASH, AL-GHABBASH)<br>(غباشة حسن) | Датум на раѓање: 1971 година.<br>Место на раѓање: Damascus, Syria<br>Пол: машки | Министер за здравство.<br>Именуван во август 2020 година.<br>Како министер во Владата, дели одговорност за насилна репресија на режимот против цивилното население. | 6.11.2020 година |
| 305. | Ziyad SABBAGH<br>(صباغ زياد) | Датум на раѓање: 1960 година.<br>Место на раѓање: Aleppo, Syria<br>Пол: машки | Министер за индустрија.<br>Именуван во август 2020 година.<br>Како министер во Владата, дели одговорност за насилна репресија на режимот против цивилното население. | 6.11.2020 година |
| 306. | Mohammad Hassan QATANA | Место на раѓање: Damascus, Syria | Министер за земјоделство и реформи во земјоделството. Именуван во август 2020 година. | 6.11.2020 година |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | (قطانـــة حســن) | Пол: машки | Како министер во Владата, дели одговорност за насилна репресија на режимот против цивилното население. | |
| 307. | Ghassan ZAMEL (a.k.a. AL-ZAMIL, AL-ZAMEL)<br>(زامل غســان) | Датум на раѓање: 1963 година.<br>Место на раѓање: Damascus, Syria<br>Пол: машки | Министер за електрична енергија.<br>Именуван во август 2020 година.<br>Како министер во Владата, дели одговорност за насилна репресија на режимот против цивилното население. | 6.11.2020 година |
| 308. | Mohamad (a.k.a. Mohammad) Fayez BARCHA (a.k.a. AL-BARSHA, AL-BARASHA)<br>(برشـــة فـــايز محمد) | Датум на раѓање: 1955 година.<br>Место на раѓање: Damascus, Syria<br>Пол: машки | Државен секретар. Именуван во август 2020 година.<br>Како министер во Владата, дели одговорност за насилна репресија на режимот против цивилното население. | 6.11.2020 година |
| 309. | Malloul (a.k.a. Maloul) HUSSEIN (a.k.a. AL-HUSSEIN)<br>(حســين ملـول) | Датум на раѓање: 1950 година.<br>Место на раѓање: Al-Hasakah Governorate, Syria;<br>Пол: машки | Државен секретар. Именуван во август 2020 година.<br>Како министер во Владата, дели одговорност за насилна репресија на режимот против цивилното население. | 6.11.2020 година |
| 310. | Mohammad Samir HADDAD<br>(حداد ســمير محمد) | Датум на раѓање: 1956 година.<br>Место на раѓање: Tartous, Syria<br>Пол: машки | Државен секретар. Именуван во август 2020 година.<br>Како министер во Владата, дели одговорност за насилна репресија на режимот против цивилното население. | 6.11.2020 година“ |